Врз основа на член 16 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.09.2007 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ СОВЕТ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Се формира Совет за рамномерен регионален развој на Република Македонија (во натамошниот текст: Совет за рамномерен регионален развој) во состав:

1. м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања.
2. Абдираман Мемети, министер кој раководи со Министерството за локална самоуправа.
3. д-р Трајко Славески, министер кој раководи со Министерството за финансии.
4. Вера Рафајловска, министер кој раководи со Министерството за економија.
5. Миле Јанакиески, министер кој раководи со Министерството за транспорт и врски.
6. Љупчо Мешков, министер кој раководи со Министерството за труд и социјална политика.
7. Арификмет Џемаили, министер кој раководи со Министерството за култура.
8. Џелил Бајрами, министер кој раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.
9. Ацо Спасеноски, министер кој раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
10. Владимир Талевски - градоначалник на општина Битола, претседател на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион.
11. Аце Коцевски - градоначалник на општина Велес, претседател на Советот за развој на Вардарскиот плански регион.
12. Зоран Дамјановски-градоначалник на општина Куманово, претседател на Советот за развој на Североисточниот плански регион.
13. Александар Петрески - градоначалник на општина Охрид, претседател на Советот за развој на Југозападниот плански регион.
14. Коце Трајановски - градоначалник на општина Гази Баба, претседател на Советот за развој на Скопскиот плански регион.
15. Зоран Заев - градоначалник на општина Струмица, претседател на Советот за развој на Југоисточниот плански регион.
16. Хазби Лика - градоначалник на општина Тетово, претседател на Советот за развој на Полошкиот плански регион.
17. Љубомир Јанев - градоначалник на општина Кочани, претседател на Советот за развој на Источниот плански регион.
18. Андреј Петров, претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Член 2

Со Советот за рамномерен регионален развој ќе раководи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања.

Член 3

Советот за рамномерен регионален развој донесува Деловник со кој се уредува начинот на работа.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-5506/1
11 септември 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.